РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
МУЗЕЈ ГЕВГЕЛИЈА
Бр. 04-75/2
28.12 2023 год.
ГЕВГЕЛИЈА


НУ МУЗЕЈ – Гевгелија

Ул.Маршал Тито бр.26 Гевгелија

Тел: 034/ 213-660

Е-маил: muzejgevgelija@gmail.com


Република Северна Македонија

Врз основ на член 20-г и 20 -д од Законот за вработени во јавен сектор („Службен Весник на Република Македонија,, бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), и член 76-а и 76-ѓ од Законот за култура ( „Службен Весник на Република Северна Македонија,, бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 - Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.196/2007 од 16.1.2008 год., објавена во „Сл. на РМ" бр. 15/2008), одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависнот од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас бр. 01-53/1 од ден 30.06.2021 година, Национална установа Музеј-Гевгелија објавува:

# **ЈАВЕН ОГЛАС**

## **Број 1/2023**

За вработување на неопределено време на кустос-историчар во Национална Установа Музеј- Гевгелија

1 (еден) извршител на работно место Кустос-историчар, со реден број 5 и шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 002.

Посебни услови: степен на образование за ниво Д03, 240 кредити по ЕКТС или VII/1 степен, вид на образование Хуманистички науки, Историски науки, работно искуство - до една година работно искуство.

Напомена:согласно Годишниот план за вработување на установата за 2023 година и Балансер, едно (1) вработување за работно место кустос-историчар е предвидено за македонец/ка.

Покрај горенаведените посебни услови предвидени во Правилникот за систематизација на работните места во Национална установа Музеј- Гевгелија со архивски бр.01-45/5 од ден 15.09.2020 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Н.У.Музеј-Гевгелија со архивски бр.01-45/8 од ден 06.10.2020 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во

Н.У.Музеј-Гевгелија со архивски бр.01-59/1 од ден 30.06.2021 година, заинтересираните кандидати мора да ги исполнуваат и општите услови за вработување и тоа:

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Распоред на работно време : Дневно работно време во траење од осум (8) часа со почеток во 08:00 и завршеток во 16:00 часот од понеделник до петок, неделно работно време во траење од 40 часа.Основна нето плата : 43.109 денари.

Рокот на доставување на пријавите со потребната документација изнесува петнаесет ( 15 ) дена сметано од денот на објавување на огласот.Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето. Пријавата за огласот може да се подигне во архивата на Н.У.Музеј-Гевгелија на ул.Маршал Тито бр.26 Гевгелија или да се превземе од интернет страна на музејот https://www.muzejgevgelija.mk/pocetna.htm

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост и со точни податоци. Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на општите и посебните услови:

- Уверение за државјанство
- Уверение за општа здравствена способност за работно место
- Потврда/Уверение дека не е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност и должност
- Доказ за завршено соодветно образование/Диплома или уверение
- Доказ за работно искуство

Пријавата со потребна документација кандидатите треба да ја достават до архивата на Национална установа Музеј- Гевгелија, секој работен ден од 09 до 15 часот во затворен плик со назнака за јавен оглас бр.1/2023 или по пошта на следнава адреса: Маршал Тито бр.26 Гевгелија со назнака за јавен оглас бр.1/2023. Кандидатите со пријавата треба да ги достават доказите за усполнување на условите, во оригинална форма или копија заверена кај нотар. Ненавремени пријави и документација нема да бидат предмет на разгледување. За резултати од конкурсот, кандидатите ќе бидат известени по електронски пат.

В.Д.Директор

Цеца Танчевска